**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6273/**

# З А П И С Н И К

**Од 173.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 28.12.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација во МРТ и Виолета Димевска-Одделение за планирање и буџет во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата, 173.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***
Седницата започна во 15:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 172.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на годишен План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година**.**

3. Разгледување и усвојување на Ценовник за маркетинг услуги по секунда на МТВ и МРА за 2022 година.

4. Разгледување на Одлука за благајнички максимум на ЈРП МРТ за 2022 година.

5. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 172.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 172.седница на Програмскиот совет на МРТ.
По расправата записникот од 172.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 172.седница е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување и усвојување на годишен План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално образложение по материјалот на Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година.
Таа исто така детално го обајсни начинот на изработка на материјалот од Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година како секоја ставка поединечно,појаснувајќи дека истиот е изготвуван според планираните приходи и согласно законските одредби.
Директорот Горан Атанасов објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и има добиено согласност и од Надзорниот одбор на МРТ без забелешки.

Врз основа на член 124,став 1,алинеа 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. весник на РМ бр.184/13;13/14; 44/14;101/14;132/14,132/17,168/18,247/18 и 27/19), и член 37,став 1,алинеа 10 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот Совет на ЈРП МРТ на својата 173-та седница одржана на 25.12.2020 год., по разгледувањето на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Планот за јавни набавки на**
**ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година**

**I.** Програмскиот совет на ЈРП МРТ, го разгледа и го усвои Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година.

**II.** Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**III.** Примерок од Одлуката да се достави до:
- Сектор за финансиско работење;
- Сектор за комерција и јавни набавки;
- Одделение за планирање и реализација на буџети;
- Архивата на МРТ.

По расправата Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година беше ставен на гласање.
■**Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**2** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на Ценовник за маркетинг услуги по секунда на МТВ и МРА за 2022 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Горан Атанасов Директор на заеднички функции и администрација во МРТ со детално образложение на материјалот од Ценовникот за маркетинг услуги по секунда за 2022 година.
Горан Атанасов обајсни дека самиот ценовник е прилично јасен и транспарентен,објавен е на веб страната на МРТ,важи и за агенциите со кои работиме и со посебните комитенти и клиенти, изготвен е по предходни анализи за секунда и земени се во предвид можни настани кои се предвидува да се случат во годината пред нас и сл.
Директорот Горан Атанасов објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и има добиено согласност и од Надзорниот одбор на МРТ.

По расправата беше ставен на гласање Ценовникот за маркетинг услуги по секунда на МТВ и МРА за 2022 година.

■ **Ценовникот за маркетинг услуги по секунда на МТВ и МРА за 2022 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**2** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека **Ценовникот за маркетинг услуги по секунда на МТВ и МРА за 2022 година** е **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разгледување на Одлука за благајнички максимум на ЈРП МРТ за 2022 година.**
Пред членовите на Програмскиот совет на МРТ ставена на разгледување беше одлуката за благајнички максимум,која преставува стандардна законска обврска.
Горан Атанасов Директор на заеднички функции и администрација во МРТ објасни дека ваквата одлука е стандардна процедура и дека средствата кои се определуваат се исти како и минатите години.
Истата беше разгледана од страна на Програмскиот совет на МРТ без забелешки.

**ТОЧКА 5:Разно.**
По однос на оваа точка беа разгледани неколку дописи притигнати до Програмскиот совет по пошта:
-Допис од Директорот на МРТ до Министерство за финансии со бр.03-6243/1 од 24.12.2021г.
-Одлука за откуп на програма од Просперум филмс дооел со бр.02-5476/2 од 13.12.2021г.

Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ со прашање дали има отпочнато преговори помеѓу Синдикалната организација на МРТ и Директорот на МРТ,согласно задолжението на Програмскиот совет на МРТ од предходните седници.
Горан Атанасов Директор на заеднички функции и администрација во МРТ истакана дека е и тој лично дел од групата за преговарање со Синдикатот на МРТ,и известувањето кое што го имам е дека се што ќе се договори групата со Синдикатот ќе биде прифатено од страна на Програмскиот совет на МРТ.
Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ на ова одоговори дека ние во име на Програмскиот совет на МРТ преговаравме само за две точки односно за двете технички грешки во Колективниот договор и за статусот на снимателите во МТВ.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац објасни дека со заменикот биле на состанок со Синдикалната организација на МРТ, и дека покрај техничките грешки во Колективниот договор за кој се состанавме испадна дека Синдикатот на МРТ има и други десетина и повеќе финансиски барања, на тоа ние како совет им одговоривме дека сме дале мандат на Директорот на МРТ да преговара, затоа што ние немаме увид во дневните оперативни активности на компанијата, ниту пак знаеме колкав е буџетот колку може да се дозволи од истиот, но бланко потврда дека како Програмски совет ќе усвоиме било што не сме дале.
Директорот Горан Атанасов исто така информираше дека преговорите не се застанати,напротив на минатата средба се заглави работата поради записникот којшто не е сеуште заверен и усвоен како би се отпочнал нов состанок.

Седницата заврши во 15:45 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател